Форум социјална демократија
Визии и опции за Југоисточна Европа

10

Јо Леинен

# Добитниците од новиот Европски договор



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

*Што претставува социјалдемократијата во денешниот глобализиран свет? Што претставува социјалната демократија?*

*Дали е сé уште присутен интересот на граѓаните за политиката во доволна мера? Дали може повторно да се поттикне?*

*Дали се компатибилни стопанската динамика и социјалната правда? Кои конкретни политики се покажаа како остварливи? Колку беа успешни?*

*Овие и други прашања се релевантни во сите региони на светот. Со серијата публикации „Форум за социјална демократија- визии и опции на југоисточна Европа“, Фондацијата Фридрих Еберт сака да даде свој придонес во дебатата на овие теми во Југоисточна Европа. Публикациите се проследени со Интернет-форумот (www.forum-social-democracy.org.) Ги покануваме сите читатели да учествуваат активно во овие дебати.*


**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Белград**
Шимина 1
11000 Белград
Србија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Скопје**
Ул. „Ристо Равановски” бр. 3
1000 Скопје
П. Фах. 423
Македонија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Сараево**
Сумбула Авде 7
71000 Сараево
Босна и Херцеговина

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Загреб**
Прашка 8
10000 Загреб
Хрватска


- *Текстот е објавен и на српски, албански, бугарски и романски јазик*
- *Сите текстови можете да ги најдете на Интернет: www.fes.org.mk*

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

- Европскиот договор има многу добитници. Со Европската граѓанска иницијатива, граѓаните ќе бидат вклучени во формирањето на политиката, националните парламенти ќе имаат повеќе можности за учество, а Европскиот парламент ќе добие поголеми надлежности.
- Европската Повелба за основните права е „душата" на новиот договор. Покрај класичните граѓански права и слободи, таа исто така содржи граѓански социјални и економски права.
- ЕУ исто така ќе претставува еден пообединет и поповрзан надворешен фронт. Разновидните надворешни односи на ЕУ, политиката за трговија и проектите за помош, политиката за развој и дипломатија може да бидат ставени под една управа.
- Европската внатрешна политика ќе биде реорганизирана преку елиминацијата на поранешниот трет столб на внатрешната и правосудната политика. Слободата и внатрешната безбедност може да бидат подеднакво зајакнати низ Европа.
- Со Лисабонскиот договор ќе биде зајакнато мотото на европската интеграција, „Единство во различноста". Со тоа ЕУ ќе ги косолидира својот проект за соработка и интеграција на земјите и луѓето што ќе го привлече вниманието на светот.

Лисабонскиот договор, е решение како замена за Европскиот Устав, ќе стапи во сила на 1 јануари 2009 година. Во текот на 2008 година ќе се одржат дебати за ратификација на овој нов европски договор во 27 земји-членки на Европската Унија.

Со новиот Европски договор обединувањето на Европа ќе направи голем чекор нанапред. Европската Унија ќе стане по демократска и повеќе способна за дејствување. Ние ќе доживееме двоен напредок: прво, од Европа на држави во Европа на граѓани, а второ, од чисто економска унија во една политичка унија. Меѓутоа, со Лисабонскиот договор приказната за европското обединување не е завршена. Но, со Основниот договор Европа може подобро да ги исполни предизвиците на дваесет и првиот век, од обезбедување на снабдувањата со енергија и заштитата на животната средина до подобрување на внатрешната и надворешната безбедност во Европа.

Во многу дебати се доби впечаток дека Договорот ќе наметне загуби, било да е во смисол на националниот суверенитет, регионалниот идентитет или дури демократското учество. Вистинито е спротивното. Новиот Европски договор има многу добитници. За прв пат беше возможно да се воспостави систем на рамнотежа на владеење од локално на европско ниво. Покрај различните нивоа на државите, а особено граѓаните, како и организираното граѓанско општество, ќе откријат дека нивните права и можности за учество се значително зајакнати.

## Граѓаните како добитници

1. Со Повелбата за правата на европските граѓани, во Европскиот договор е вграден најсеопфатниот и најсовремен каталог на правата и слободите во светот. За прв пат, во каталогот на основните права, социјалните и економските права на луѓето се поставени со еднакви поими со класичните права и слободи. Овие права може правно да бидат применети пред Европскиот Суд (ECJ) во Луксембург. Покрај правно применливите основни права, Повелбата исто така содржи безброј „цели на земјата", од заштита на децата до право на достоинствена старост. Повелбата за основните права е „душата" на новиот Европски договор. Во него се дадени вредностите и целите за заштита и модернизација на Европскиот социјален модел.[1]

2. Со Лисабонскиот договор граѓаните за прв пат ќе бидат во состојба директно да влијаат на формирањето на политиката во Брисел. „Иницијативата на европските граѓани" (член. 11) претставува инструмент на директна демократија

[1] Единствена непријатна забелешка е „повлекувањето" на Обединетото Кралство и на Полска од Повелбата за основните права. Луѓето во овие две земји-членки нема да останат незаштитени. Меѓутоа, клаузулите за излез претставуваат значителна неизвесност во срцето на ЕУ и надворешно го ослабуваат обединетиот фронт на ЕУ, на пример, во дијалогот за основните права со земјите како што се Кина и Русија.

во европските политики: доколку повеќе од еден милион граѓани на Европа поддржуваат едно политичко барање со потпишување на петиција, Европската Комисија мора да го стави истото на политичкиот дневен ред. Иницијативата на европските граѓани ќе се докаже дека е динамичка карика за поврзување на луѓето од Полска до Португалија. Над сето тоа таа ќе овозможи да има една Европа „од долу“. Во овој поглед ЕУ е многу попрогресивна од многу дуги земји членки, во кои нема елементи на директна демократија.

3. Со новиот Европски договор, граѓаните за прв пат ќе стекнат влијание врз изборот на „главната власт“ на ЕУ, имено, претседателот на Европската Комисија, кој е главен на Европската извршна власт. Во иднина тој или таа ќе бидат избирани од страна на Европскиот парламент. Како резултат на тоа, изборите на Европскиот парламент во јуни 2009 година ќе добијат ново значење Граѓаните конечно ќе одлучуваат за политичката насока во која ќе се развива Европската Унија.

Сега е пожелно, па дури и неопходно европските партиски семејства да номинираат соодветно истакнати кандидати за службата на претседател на Комисијата пред европските избори. На овој начин граѓаните за прв пат можат да избираат помеѓу различни лица, а исто така и помеѓу различни програми за пет годишен период на законодавна власт. На овој начин, Европската Унија ќе биде поблиска до граѓаните, а исто така и повеќе транспарентна.

4. Со Лисабонскиот договор Европската Унија ќе се здобие со нови надлежности и можности за делување во политиката за енергијата, заштитата на животната средина и внатрешната безбедност, како и во заедничкиот надворешен фронт на Европската Унија. Од анкетите на ЕВРОБАРОМЕТАРОТ во текот на многу години ние знаеме дека овие области се особено важни за граѓаните.

За прв пат, Европската Унија ќе се здобие со надлежност за политиката за енергија. Поголемата енергетска сигурност, поголема енергетска ефикасност и проширувањето на обновливите енергии ќе бидат смерници на европската политика за енергија во годините што доаѓаат.

Со преминувањето од едногласно до мнозинско гласање во унапредените области на внатрешната политика и политиката на судството, ЕУ ќе биде во состојба подобро и побрзо да се бори со тероризмот и со криминалот. Исто така сега постои шанса за европски азил и политика на имиграција, која со години беше блокирана. Поголемата конвергенција во смисол на граѓанското право и Законот за брачни односи исто така ќе бидат подобрени. Склучувањето бракови и разделбите преку националните граници може да бидат средувани побрзо. Правата на децата, кои се поврзани со нив, ќе бидат зајакнати.

Лисабонскиот договор исто така ја зајакнува социјалната димензија на ЕУ. Социјалните прашања ќе бидат еднакви со економските цели. Борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост, целосно вработување и еднаквоста помеѓу мажите и жените, како и забраната за дискриминација ќе станат цели на Европската Унија.

Европската надлежност за просторна политика е нешто ново. Надворешниот простор е веќе важен извор. По долги дебати помеѓу земјите-членки, во последната минута беше возможно да се обезбеди сателитскиот проект Галилео под водството на ЕУ. Граѓаните ќе имаат користи од важните апликации на овој европски сателитски систем: прецизни и во голема мерка непопречувани системи за навигација, подобри временски прогнози и нови безбедносни мерки за патниот, морскиот и воздушниот сообраќај.

Лисабонскиот договор ќе ја зајакне Европа и на тој начин ќе го подобри квалитетот на животот на луѓето на овој континент.

## Парламентите како добитици

Парламентите избрани од страна на граѓаните на ЕУ се исто така помеѓу добитниците од новиот Европски договор. Во член 10 од договорот за прв пат е наведено: „Функционирањето на Унијата ќе се заснова на претставничка демократија".

1. Националните парламенти ќе стекнат поголема одговорност и можности за учество. Сите нови законодавни иницијативи директно ќе се испраќаат од страна на Европската комисија до националните парламенти. Ова ќе го подобри и забрза текот на информациите помеѓу европските и националните нивоа. Националните парламенти имаат можност, во рамките на таканаречениот „систем на рано предупредување“, да доставаат приговор до Европската законодавна иницијатива во рок од осум недели. Тие може да кренат жолта, портокалова или дури и црвена карта кога предлогот е спротивен на принципот на субсидијарност. Во согласност на принципот на субсидијарност Европската Унија ќе биде активна само во области во кои регулативата на

национално или локално ниво нема да биде подобра:

■ Жолта карта: кога една третина од националните парламенти открива повреда на принципот на субсидијарност, Комисијата треба повторно да го разгледа предлогот, иако не е неопходно таа да мора да го смени.

■ Портокалова карта: во колку половина од националните парламенти имаат приговор, Комисијата ќе мора да се оправда себеси во колку таа не донесе нов предлог. Во овој случај законодавната иницијатива на Комисијата може да биде одбиена со 55 % од гласовите во Советот на министри или со просто мнозинство во Европскиот парламент.

■ Црвена карта: покрај покревањето на приговори во рамките на системот на рано предупредување, националните парламенти исто така се во состојба да ја доведат субсидијарната акција пред Европскиот суд на правдата преку нивните влади. Законодавната иницијатива од страна на Европската комисија мора да биде повлечена доколку Европскиот суд на правдата одлучи дека тоа го нарушува принципот на субсидијарност.

Освен тоа, националните парламенти, заедно со Европскиот Парламент ќе применат политичка контрола врз ЕУРОПОЛ (Европската полиција) и ЕУРОЏАСТ (Канцеларијата за соработка во судството на Европската Унија), и ќе учествуваат во проценката на политиките на ЕУ во областите на слободата, безбедноста и правдата (член 12).

2. Европскиот Парламент, како единствена европска институција која директно се избира од страна на граѓаните, ќе има свои надлежности и право на свое мислење зајакнато со Лисабонскиот договор. Новиот договор е значаен чекор на патот кон парламентарната демократија на европско ниво. Европскиот Парламент особено ќе добие во значење во смисол на законодавството, буџетскиот закон и контролата на Европската извршна власт:

■ Практично сите  закони на ЕУ во иднина ќе бидат усвоени од страна на Европскиот Парламент и од Советот на министри под еднакви услови. Во овој дводомен систем, Парламентот ги претставува интересите на граѓаните, а Советот на министри оние на државите. Процедурата на со-одлучување е нешто ново, особено во однос на целата политика за земјоделство, големи делови од домашната политика и политиката на правосудството, политиката за енергија, контролата на елементарните непогоди и хуманитарната помош.

Особено во внатрешната политика и политиката на правосудството Европскиот Парламент ќе има нови можности за учество, на пример, во борбата против криминалот и тероризмот, во прашањата на контролата на границата и имиграционата политика, како и во контролата на Европската полиција и правосудните власти, ЕУРОПОЛ и ЕУРОЏАСТ. Во минатото Парламентот од една страна ја поддржуваше рамнотежата помеѓу потребите на безбедноста, а од друга страна граѓанските права и слободи. Европскиот Парламент смета дека од особена важност се заштитата на основните права и личните податоци.

■ Европскиот парламент исто така ќе има поголемо влијание во европската надворешна и безбедносна политика. Новосоздадениот европски министер за надворешни работи, официјалниот „Висок претставник за општата политика за надворешни работи и безбедност", истовремено е и Заменик на Претседателот на Европската Комисија. Заради тоа, тој за својата работа е одговорен пред Европскиот парламент, мора да полага сметка за своите дејствија и може, во колку е потребно, да биде отпуштен со мислење за недоверба. Европскиот парламент исто така мора да се изјасни за конструкцијата на Европската служба за надворешни работи или „Амбасадите на ЕУ" низ целиот свет. Заедно со националните парламенти, Европскиот парламент исто така ќе спроведува парламентарна контрола на политиката за одбраната на ЕУ и воените мисии на ЕУ. Буџетските права на Европскиот парламент ќе бидат значително зголемени. Во иднина, Европскиот парламент ќе има права на со-одлучување врз сите издатоци на ЕУ. Поранешната разлика помеѓу задолжителните и опционалните издатоци е укината. Новата процедура на со-одлучување е значајна за политиката за земјоделство, која претставува најголема буџетска ставка. Со контролирање на финансиските текови, Европскиот парламент исто така ќе има влијание на улогата на Европа во светот. Странските цивилни мисии на ЕУ, како и странската помош, ќе бидат контролирани од страна на „граѓанската комора". Со Лисабонскиот договор, Европскиот парламент во иднина ќе го избира претседателот на Европската Комисија. Европскиот Совет ќе мора да достави предлог пред Парламентот, кој ќе ги земе во предвид резултатите на европските избори. Водството на европската извршна власт на овој начин ќе зависи од вољата на електоратот и на мнозинството формирано врз таа основа во  Европскиот парламент. Ова е значаен чекор напред како за персонализацијата и политизацијата на европските политики, така и за реализацијата на европската демократија.

## Граѓанското општество како добитник

Лисабонскиот договор го зацврстува начелото на демократија за учеството на ниво на ЕУ. „Секој граѓанин ќе има право да учествува во демократскиот живот на Унијата. Одлуките ќе се донесуваат колку што е можно поотворено и колку што е можно поблиску до граѓаните" (член 10). Покрај социјалниот дијалог на синдикатите и менаџментот, сега ќе има граѓански дијалог со асоцијациите претставнички на граѓанското општество.

Мора да има консултации со оние кои се погодени и нивните асоцијации во однос на сите законодавни предлози и други иницијативи. Организациите на Граѓанското општество кои ги застапуваат интересите на илјадници граѓани ќе бидат повикани за да учествуваат во отворен, транспарентен и регуларен дијалог. Во иднина, погледите на ваквите организации како што е Амнести Интернешнал (Amnesty International) или Гринпис (Greenpeace), или здруженијата на потрошувачите и социјалните организации, ќе бидат повеќе земени во предвид во Европското планирање на правосудството.

Во оваа врска е исто така важна новата иницијатива за транспарентност на откривањето на лобирањето во институциите на ЕУ. Во иднина ќе има јавен регистар во кој мора да бидат заведени сите лобисти како и да бидат опишани природата и доменот на нивните активности на лобирање.

Невладините организации (НВО-и) исто така ќе бидат во можност да ја користат горе наведената Европска граѓанска иницијатива за да се даде тежина на нивните барања. Економскиот и социјалниот Комитет (ЕСК) ќе игра поголема улога особено во координацијата на Граѓанскиот дијалог. Очекувајќи го новиот договор, Европскиот Парламент презеде дијалог со граѓанското општество во ЕУ. во една „агора“, околу 500 претставници на невладините организации ја дискутираа иднината на ЕУ со МЕП.

## Локалните самоуправи и региони како добитници

Лисабонскиот договор ќе ја зајакне улогата на локалните самоуправи и региони во Европа. За прв пат, со Лисабонскиот договор ќе се гарантира правото на локална самоуправа (член 4). Самозаштитувањето на културниот идентитет на регионите во ЕУ е исто така една од целите на Лисабонскиот договор.

Локалните власти и региони ќе бидат вклучени во следењето на субсидијарноста. Бундесратот (Сојузниот Совет на горниот дом на германскиот парламент) ќе ја има можноста да покаже жолта или портокалова карта на законодавните предлози од Брисел, како и германскиот Бундестаг (долниот дом). Ова го сочинува натамошното зајакнување на Сојузните покраини. Комитетот на Регионите (CoR), во кој се претставени сите германски покраини и водечките општински организации, ќе биде исто така зајакнат во однос на неговото право на информации и консултации. Комитетот на Регионите (CoR), исто така има можност да достави жалба за кршење на субсидијарноста до Европскиот Суд на правдата (член 8 од Протоколот за примена на принципите на субсидијарност и пропорционалност).

Исто така важно за локалните самоуправи и покраини е обврската за преземање на проценката на влијанието за сите мерки на ЕУ, кои мораат да ги презентираат административните и финансиските последици на Европскиот Закон за локалните и регионалните нивоа. Покрај тоа, правото на локалните самоуправи да го прошират правото на слобода на одлучување во обезбедувањето на услуги од општ интерес (Протокол за Услуги од општ интерес) ќе бидат гарантирани со протокол. Доста голем број на јавни услуги во областа на образованието, културата, здравството и социјалните услуги повеќе нема автоматски да бидат предмет на режимот на конкуренција во ЕУ. Европскиот социјален модел – кој помеѓу другите работи ја симболизира достапноста на јавните услуги за сите и по разумни цени – ќе биде заштитен со Лисабонскиот договор.

Целта на „територијалната кохезија“ во ЕУ (член 3) е исто така релевантна за локалните самоуправи и региони. На овој начин, ЕУ и земјите-членки ќе бидат обврзани да го спречат оддалечувањето на богатите региони во областите со

голема густина на населеност во Европа и структурно слабите региони. Принципот на „економска и социјална кохезија во ЕУ“ е исто така основа за Социјалниот фонд на ЕУ и Регионалниот фонд на ЕУ, од кои имаат корист многу луѓе и претпријатија.

## Локалните самоуправи и региони како добитници

Во новиот Европски договор надлежностите помеѓу Европското и националните нивоа ќе бидат ограничени појасно од било кога порано. За прв пат во Договорот ќе бидат наведени исклучителните надлежности и надлежностите поделени помеѓу ЕУ и националните држави и политичките области во кои ЕУ може да спроведе дополнителни мерки. Сите надлежности кои не се доделени на ЕУ ќе останат на земјите-членки (чл. 2 од Договорот за функционирање на ЕУ). Европската Унија ќе ја почитува еднаквоста на земјите-членки и нивните посебни национални идентитети. Во согланост со начелото на доделување, Европската Унија може да делува само во границите на надлежности кои ѝ се доделени од страна на земјите-членки во договорите (член 2 од Договорот за функционирање на ЕУ).

Заедно со јасното ограничување на надлежностите, земјите-членки исто така ќе имаат корист од зајакнувањето на Советот на министрите и воспоставувањето на Европскиот совет на шефовите на државата или владата како нова институција. Во иднина, земјите-членки ќе бидат претставувани од двете тела на ЕУ. Советот на министрите, кој во разни формации ги здружува националните министри на министерствата (член 16), ќе биде активен, заедно со Европскиот парламент, како законодавец и заедно ќе ја извршуваат буџетската власт. Тука исто така ќе биде Советот на Европа како нова институција со избран претседател (член 15). Советот на Европа треба да ѝ го обезбеди на Европската Унија потребниот поттик за нејзиниот натамошен развој и да ги постави приоритетите, како и политичките цели на Европа.

Земјите-членки исто така ќе имат корист од транзицијата од едногласното до квалификуваното мнозинство на гласање во најголем дел од политичките области. Во овие случаи повеќе нема да биде возможна опструкцијата на една земја-членка за сметка на другите 26 земји. Одлуките ќе се донесуваат многу побрзо и повеќе нема да бидат ограничени на минимален консензус.

## Европа како добитник

Лисабонскиот договор е важна етапа на патот кон европското единство. Европскиот договор ја зајакнува ЕУ како внатрешно така и надворешно.

Во дваесет и првиот век Европа стои пред мноштво нови предизвици: недостатоци на енергија, промена на климата, меѓународниот тероризам и криминал, проблематични места во соседството на ЕУ, зголемена економска конкуренција, особено со Кина и Индија, како и демографска промена и стареење на континентот во целост.

Новиот Европски договор претставува крај на реформската дебата која започна во раните 1990-ти. Со паѓањето на железната завеса и на комунизмот, стана јасно дека ЕУ ќе инкорпорира голем број од новите земји-членки. Институциите и постапките за донесување на одлуки првично беа проектирани за шесте основачки земји и истите мораа да бидат прилагодени. Со Амстердамскиот договор од 1999 година, можеше да се направи одреден напредок, но се покажа дека е невозможно да се направи вистински пробој. Договорот од Ница од 2003 година беше повеќе разочарување отколку чекор напред. Само Laeken декларацијата и свикувањето на Уставната конвенција дадоа нов поттик на дебатата за иднината на ЕУ. Уставниот договор не успеа да добие ратификација од земјите-членки, но најважните содржини може да се зачуваат во новиот Лисабонски договор. Европската Унија ќе стане подемократска и поспособна за дејствување преку Лисабонскиот договор.

Новитее надлежности на политиката за енергија, заштитата на човековата средина, просторната политика, здравствената заштита и контролата на елементарните непогоди, како и туризамот и спортот, обезбедуваат заедничка

рамка на делување за решавање на главните задачи. Значителни се стекнувањето на правниот карактер на Европската Унија и надминувањето на поделбата помеѓу ЕУ и Европската Заедница. Европа сега е обединета целина и може да дејсвува како внатрешно така и во странство и да склучува меѓународни договори.

За внатрешното дејствување, елиминацијата на поранешниот трет столб на внатрешна и правосудна политика е од пресудно значење. Во овој сектор, кој е многу важен за граѓаните, во иднина ќе превладее методот на Заедницата: Законите ќе бидат покренувани од страна на Комисијата и одобрувани од страна на Европскиот парламент и од Советот на министрите. На овој начин и слободите во рамките на ЕУ и внатрешната безбедност ќе бидат значително подобрени.

Лисабонскиот договор претставува главен поттик кон еден заеднички фронт на Европа во светот. Европа ќе има добивка од новата должност на Министерот за надворешни работи, дури и ако тој ќе мора да се нарекува себеси „Висок претставник за општа надворешна и безбедносна политика". Со оваа двојна функција како Потпретседател на Европската комисија и Заседавач на Советот на министрите за надворешни работи, тој ќе гради мостови кон единствено и доследно претставување на Европа на надворешниот свет. На Министерот за надворешни работи во работата ќе му помага Европската служба за надворешни работи. Колегите од Комисијата, Советот и земјите-членки заеднички ќе работат во оваа „дипломатска служба". Разновидните надворешни односи на ЕУ, политиката за трговија и проектите за помош, политиката за развој и дипломатија може да бидат ставени под една управа. Преку Лисабонскиот договор, европската политика за безбедност и одбрана исто така ќе стане „составен дел" на политиката на ЕУ(член 21-46). На овој начин Европската Унија може да делува во форма на мисии за да обезбеди мир, да спречува конфликти и за да ја зајакне меѓународната безбедност. Крајната цел е заедничката политика на одбрана.

Од клаузулата за солидарност и пактот за взаемна помош, очигледно е дека ЕУ е заедница која ја дели заедничката судбина. Во случај на напад на суверенитетот на територијата на една земја-членка, другите земји-членки се обврзани да пружат помош. Во член 222 од Договорот за функционирање на Унијата е наведено: „Унијата и нејзините земји-членки ќе делуваат здружено во духот на солидарноста доколку една земја-членка е предмет на терористички напад или е жртва на природна катастрофа или катастрофа предизвикана од човекот."

Европската Унија е првиот обид да ги обедини народите и државите од континентот доброволно и мироѓубиво. Историјата сведочи за голем број обиди за достигнување на ова со помош на сила и угнетување. Ваквите обиди секогаш биле неуспешни. Волонтерскиот карактер на членство во Европската Унија е нагласен во следната излезна клаузула (член 50). Една земја-членка може да одлучи да се повлече од Унијата. Во тој случај, договорот за повлекување мора да се постигне со другите партнери.

Во светот кој станува сѐ помал, но со проблеми кои постојано се зголемуваат, не може да се очекува релативно малите европски национални држави да бидат во состојба сами да управуваат со својата иднина.

Со Лисабонскиот договор, ЕУ консолидира модел за соработка и интеграција на државите и народите кој ќе го привлече вниманието на светот. Доколку регионалната интеграција се докаже како возможна во Европа, во иднина може да има унии во другите делови од светот. На пример, во 2002 година, 53 држави во Африка се согласија да ја формираат Африканската Унија (АУ), со седиште во Адис Абеба. Постојат слични шеми во Латинска Америка и Азија.

„Заедништво во разновидноста" е мотото на европската интеграција. Со заштитувањето на националните и регионалните идентитети, европската соработка, е историски проект во решавањето на главните проблеми, од кој сите ќе имаат корист.

**Досегашни изданија на серијата публикации „Визии и опции за Југоисточна Европа“**

| | |
|---|---|
| 1. Влијанијата на ЕУ врз Европскиот социјален модел и врз социјалното единство<br>***Лотар-Вите - д-р Хајнрих Засенфелд*** | http://www.fes.org.mk/pdf/SD_Text1.pdf |
| 2. Новата политичка економија на европскиот социјален модел (модели)<br>***Патрик Дијамонд*** | http://www.fes.org.mk/pdf/SD_Text2.pdf |
| 3. Европски стопански и социјален модел<br>***Мариус Бусемаер,***<br>***Кристијан Келерман,***<br>***Александар Петринг,***<br>***Андреј Штухлик***[1*] | http://www.fes.org.mk/pdf/SD_Text3.pdf |
| 4. Социјалдемократска програматика по проширувањето на Европската Унија<br>***Кристоф Цепел*** | http://www.fes.org.mk/pdf/SD_Text4.pdf |
| 5. Унгарски немири<br>***Michael Ehrke*** | http://www.fes.org.mk/pdf/<br>5%20Ungarski%20Nemiri.pdf |
| 6. Социјална праведност за 21 век<br>***Група на автори*** | http://www.fes.org.mk/pdf/<br>6%20Socijalna%20pravednost.pdf |
| 7. Кон подновен европски социјален модел<br>***Anthony Giddens*** | http://www.fes.org.mk/pdf/<br>7%20Socijalen%20model.pdf |
| 8. Европа на региони<br>***група на автори*** | http://www.fes.org.mk/pdf/<br>8%20Evropa%20na%20regioni.pdf |
| 9. Меѓу старите рецепти и новите предизвици: европската левица мора одново да се ориентира<br>***Ернст Хилебранд*** | http://www.fes.org.mk |